GEORGIEVSKI MIROSLAV-MIRO

ILUSTRIRANA BIOGRAFIJA

# ALEKSANDAR MAKEDONSKI



EPIZODA

# MAKEDONIJA

UREDNIK
ELIZABETA HAXI - STOJANOVA KOSTURSKA

Кралот Филип ги обединува македонските племиња. За да ги обезбди обединетите територии од евентуални напади тој одлучува да стапи во брак со принцезата на Епир - Олимпија, чиј татко неодамна починал




Желбата на Олимпија е синот Александар да биде воспитуван во духот на делата на големиот Хомер. Уште од најраните години му ги чита неговите дела, а многупати омиленото, најпознатото дело на Хомер "Илијада и Одисеја"




На дваесет и шести јули 356 година п.н.е. се раѓа прекрасно машко дете. Родителите му го даваат името Александар, по прадедото Александар I




Кога малиот Александар стасува за на училиште кралот Филип формира гимназиум наречен "Принцот и пријателите" . Во него покрај Александар учат и неговите роднини



Гимназиумот кој го посетувале Александар и неговите роднини бил опремен со разни воени справи на кои децата се обучувале и ги добивале првите сознанија за воените вештини. Најинтересни биле справите кои Филип ги конструирал за време на неговото заробеништво во Теба




Покрај добиените сознанија за воените вештини, децата го хранеле својот дух, читајќи ги најпознатите филозофи на тоа време. Ги читале и папирусите на Демостен на кои биле напишани неговите надалеку познати “филипики”




На барање на кралот Филип, во Пела доаѓа грчкиот филозоф Исократ, кој благонаклоно гледа на сето она што се случува во македонската држава




По смртта на Платон, грчкиот филозоф Аристотел е избракан од Атина. Кралот Филип го поканува да дојде во Пела каде што Аристотел го отвара првиот Лицеум. Таму децата се учат како се војува и владее




Во 347 година п.н.е. почнуваат преговори помеѓу Атина и Македонија за склучување на мир. Преговорите се водат во Пела. Претставници на Атињаните се: Филокрет, Ескин и Демостен. Склучен е т.н. “Филократов мир” со што е ставен крај на “Светите војни”